ПОП-АНДОНОВА, ОГНЕНА
Тошевски, Вангели и Димитрова меѓу уметниците од 22 источноевропски земји, Дневник, Скопје, 15.10.1999, 13



ГОЛЕМА ИЗЛОЖБА ВО СТОКХОЛМ

# Тошевски, Вангели и Димитрова меѓу уметниците од 22 источноевропски земји

**Проектот „По ѕидот: уметноста и културата во посткомунистичка Европа", во кој ќе учествуваат 120 уметници, е на Бојана Пеиќ, која живее и работи во Берлин**

Во Модерна-музејот во Стокхолом, утре ќе биде отворена изложба - ќе трае до 16 јануари 2000 година - под наслов „По ѕидот: уметноста и културата во посткомунистичка Европа". Македонија ќе се претстави со „Досие 96" на Игор Тошевски, „Папочна врска" на Жанета Вангели и со делото на Искра Димитрова - „Постојана желба за вечноста". Автор на проектот и селектор на делата е ликовната критичарка Бојана Пеиќ, која живее и работи во Берлин.

Изложбата - со која ќе се одбележат десет години од уривањето на Берлинскиот ѕид - според „Арт-форум", едно од најеминентните списанија за современата ликовна уметност, е најважниот настан што ќе се случи во Шведска. Таа е фокусирана на време што е обележано со многу драматични политички и културни промени во Источна и Централна Европа и во поранешниот Советски Сојуз. „По ѕидот: уметноста и културата во посткомунистичка Европа" е заинтересирана примарно за помладата генерација уметници што не беа оптоварени од комунистичката идеологија. Делата од изложбата ќе ја одразуваат различноста на актуелната ситуација во 22 посткомунистички земји во Европа што можат да се пронајдат во индивидуалните дела на околу 120 уметници од Полска, Хрватска, Чешка, Естонија, Албанија, Унгарија, Бугарија, Словенија, Ерменија...

Делата ќе бидат поставени во сите изложбени простори на Модерна-музејот во Стокхолм, а некои и надвор од музејската зграда. Секој уметник може да се претстави со најмногу две дела, а некои од нив ќе работат проекти специјално за оваа изложба. Деновиве, пред отворањето, се одржаа симпозиум и повеќе перформанси. Изложбата содржи 4 сегменти: социјална скулптура, повторно откривање на минатото, преиспитување на субјективитетот и gender-scapes. Организаторите на изложбата велат дека таа не е на тема политика, туку истражување на индивидуалните уметнички ставови, кои може но не мора да одговораат на политичкиот и на социјалниот контекст во кои се формирани. Изложбата ќе биде проследена со каталог на англиски јазик, во кој ќе бидат вклучени сите важни податоци за секој уметник. За творештвото на Игор Тошевски во каталогот ќе биде објавен текст на Сузана Милевска, историчарка на уметноста и учесничка на симпозиумот посветен на изложбата. За делото на Жанета Вангели пишува Небојша Вилиќ, а за Искра Димитрова ќе пишува Лилјана Неделкова.

Во Модерна-музејот почна да се продава книгата-каталог од изложбата на фотографии „Улица" на Милчо Манчевски, а набргу шведската публика ќе може да ја види и изложбата.

**Огнена Поп-Андонова**



*Игор Тошевски, Досие 96, инсталација во Музејот на градот Скопје*